**20151474156**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ВРШЕЊЕ НА НЕРЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 август 2015 година.

Бр. 08-3694/1
24 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ВРШЕЊЕ НА НЕРЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност („Службен весник на Република Македонија” број 199/14), членот 11 се менува и гласи:

„(1) Ако надлежниот инспектор утврди прекршок должен е на одговорното лице или од него овластено лице кај работодавачот да му даде предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.

(2) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(3) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(4) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(5) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.“

Член 2

Во член 13 во ставот (1) зборовите: „10.000 до” се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.”

Во ставот (3) по бројот „2.000” се додаваат зборовите: „ до 3.000”

Член 3

Во член 14 зборовите: „3.000 до 10.000” се заменуваат со зборовите: „1.000 до 1.500”.

Член 4

Во член 15 во ставот (1) зборовите: „2.000 до” се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.”

Ставот (3) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач – физичко лице и на физичко лице.“

Ставот (4) се брише.

Член 5

Во член 16 во ставот (1) зборовите: „2.000 до” се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.”

Ставот (3) се менува и гласи:

„ Глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач – физичко лице и на физичко лице.

Ставот (4) се брише.

Член 6

По членот 16 се додава нов член 16-а кој гласи

„Член 16-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.“

Член 7

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Се овластува Законодавно - правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.